**ЕДИЦИЈА: КНИГАТА ВО РАЦЕТЕ НА ДЕЦАТА**

**„ Азбука“**

Вера Благојевиќ (Вера М Самарјанин)

**Лектор**

Лила Арсова

**Графичка изработка**

Марија Џоџа Симон

**Технички уредник**

Софија Килибарда

**Илустрации:**

Бип Талисман

**Прво издание**

Тираж 200

**За авторот**

Вера Благојевиќ, (Вера М Самарјанин) е една од најпознатите хуманисти на овие простори.
Добитник е на многубројни награди за хуманост. – „Хуманист на годината 1999 година“, „Велигденска Пофалница 2003 година“, „ Хуманист на деценијата 2006 година“. „Мисионер на хуманоста 2008 година“.
Награда по повод 4-ти Ноември од град Битола 2009 г. награда од Националниот Спомен Дом на Мајка Тереза, плакета од Министерството за Надворешни Работи на БиХ и Амбасадата на Бих во Р.Македонија и многу други признанија и благодарници.
Во 2009 година е избрана, за Почесен Конзул на Бих во Битола, од МНР на Република БиХ. Од оправдани причини, Вера ја одби таа почесна функција и прифати да биде Претседател на МаБиХ на Р.Македонија со седиште во Битола.
Вера е почитувач на пишаниот збор, кој преферира да го пишува на бисерно чист македонски јазик.
Има издадено седум прозни дела, поетска збирка за возрасни и четиринаесет Збирки, Детска Поезија и Поезија за Деца. Има собрано и уредено тринаесет Стихозбирки од Група Автори со Детска поезија и Поезија за деца и три Стихозбирки за возрасни, во кои најголем дел се нејзини творби.
„Азбуката “ е нејзина 17-та стихозбирка .
Сите Стихозбирки, отпечатени во 2016/2017 година, се самофинансирани од авторите и актерите во книгите и се донирани по Градинките, Училиштата и Домовите за стари лица, низ Р.Македонија. Досега се подарени над 3.700 книги.
. Никола Трпковски,
ЗДРУЖЕНИЕ НА ХУМАНИТАРНИ РАБОТНИЦИ-Битола.

Овде е претставена азбуката со стихови, со помош од повеќе описменетите деца, со Детска поезија и Поезија за деца. Низ слики и фотографии од деца, животни, како и зборови на чувства, е претставена азбуката во стих. Ова е начин, секое детенце да си го најде името, имињата на јунаците од бајките и природните убавини. Да се задржи вниманието и да се запамети,

Ова издание е отпечатено на барање на голем број на деца.

Помалку збунувачки, затоа што имињата на некои деца започнуваат со друга буква, но тие ја опејуваат песничката за природата, животните и актерите во бајките, како и за чувствата, кои започнуваат на соодветна буква во Азбуката.

На пример:
-Андреј раскажува за верверичките;
-Марко, за другарот Жарко;
-Карло за Јана и Јане и така натаму. Тоа сметам дека повеќе ќе го задржи вниманието на децата за одредена буква.


На езерото Арт
отиде Анастасија,
со пајчињата да се дружи,
низ езерото да кружи.
Најверно другарче и е
пајчето што на островче лежи,
другарството нивно
цело богатство тежи.
Анастасија
А а


Бојана
Бојана е највредна
на целиот свет,
најмногу сака
да негува цвет.
Таа и малиот Борјан
грдината
ја заливаат често,
нивните цвеќина
ги нема
ни на едно друго место.
Б б


Верверички
Верверичките
го поканија
Андреј на бал,
да се дружат малку
уште додека е мал.
Брзо децата растат
дури да завртиш лист,
на секое дете,
играта е слична
и секој ваков бал, е ист.
Андреј
В в


Гора
Во блиската гора
есента се ближи,
Александар
цвеќенца нижи.
Ќе прави хербариум
погодна е оваа гора,
за наставата
да се подготви мора.
сентябрь
Александар
Г г


Деспина
Јас се викам Деспина
мама вели, дека сум многу фина,
треба роденденот да ми се слави и чека,
очекувам, деца цела една река.
Ги чекам да дојдат
и јунаците од по некоја бајка,
сите оние
за кои ми раскажуваше
мојата мајка.
Д д


Ѓорги
Ѓорги е момче за пример
по дома забава прави,
уште некој месец
роденден ќе слави.
Уште сега подготовка спрема,
никој незадоволен да нема,
сешто на масата ќе има
роденденот е,
кога ќе помине оваа зима....
Ѓ ѓ


Ема
Ги собрала девојчињата,
на пикник ќе ги води Ема,
ќе имаат во природата час
цвеќето, ќе им биде тема.
За ситните цветови во тревата зелена
ќе пишува Елена,
за лалето ќе пишува Елеонора,
а за трендафилот, Ели мора,
секој со својата тема
таква е оваа шема.
Е е

Трка


Марко
Другарот на Жарко
На буквата Ж има три сестри Жарко
таа буква нема мана
Жанета, Жаклина и Жана,
а на Жарко
најверен другар му е Марко.

Еве го доаѓа Марко
носи бујет за мајка му на Жарко,
потоа ќе седнат домашно да пишуваат,
сестричката Жана ја стишуваат.

Не знае таа каква е оваа задача
сеуште е мала, од нив не бега,
мисли училиштето е шега.
Ж ж


Зоолошка градина
Маријан
во Зоолошка пошол
па таму среќен дошол,
ги видел сите животни
од тој Зоо свет
разиграни на тревата
со по некој цвет.
Мечката свири гитара
тигарот пее, глувчето се смее,
а зајакот свири на труба
играат сите тие,
пеперутките, а и по некоја буба.
Маријан
З з



## Ѕвездана

Заврши часот, ѕвонче ѕвони
тоа дежурната објави,
голем одмор следува
Ѕвездана најави.

Дежурна е, треба да се знае
голема има обврска,
за сите деца еднакво правило
тука нема врска.


Ивана
Ивана отиде на Ибица
таму научи да нурка,
сака таа до врвот
да се вивне
не треба никој да ја турка.
До крајот на летото,
првак ќе биде
сама ќе се труди,
успеси ќе има.
Ивана нурка
и во осека и плима.
И и


Карло

## Јана и Јане


Јана и Јане
дошле кај Карло,
математиката ги мачи
од јадови им се плачи.
Му ветија чоколадо,
бомбони и банана,
ако им помогне
во задачите
на Јане и Јана.
Ј ј


Кристијан со лавчето збори
нема време за игра, говори,
мора да учи,
порасна веќе,
треба ракави да засучи.
На играчката
тоа не му одговара
на игра, го заговара.
Кристијан
К к


Ленче
Во градината ја чекаше
Ирина, малата Ленче,
таа и вети
ќе и плете венче.
Зумбули и некое лале,
од бирани цветови венче,
никој не умее, толку убаво
да плете како Ленче...
Ирина
Л л


Љубов
За сте деца барам
љубов, радост и мир,
насекаде
низ светската шир.
Сакам љубовта да цвета
детето безгрижно да шета,
секој, секого да сака
и пријателска
да пружа рака.
Љ љ
Јелена


Disney
FROZEN
Кај Миа дојде актерка
од Фрозен
ја изненади,
кога вратата ја отвори,
пред неа,
најубавата бајка
како во сон, се створи.
Миа
М м


Имиња на Н

Јас сум Никола
Ники е зајчето,
Нена е пајчето,
а Нео е слончето,
што не му се гледа опавчето.
Ние на Н се дружиме
низ светот кружиме.

Н н



Коњ

Мојот коњ брзо трча
воздухот го сече како срча,
во името има само букви три
последната Њ, никој не ја скри.
Потрбна ни е, за азбуката
само тука е на трето место,
затоа ние редовно за Њ пишуваме коњ
секогаш, не најчесто.

Њ њ



## Овен

Каде се видело,
овен да лета,
летајќи,
светот да го шета.
Овенот, од своето трло
до стадото да стигне ита,
овците го чекаат
доста беше, да лета и скита.

О о


Пеперутка
Во пролетта, најмногу ја сакам
зелената трева,
наутро, кога сонцето
се крева,
цвеќето започнува да цвета
пеперутката по цветовите шета.
Таа е кралица на пролетта
единствена убавина има,
пеперутката
ја нема само во зима.
Со мене се согласи
и малиот Мики,
посака таа убавина
да ја претвори во слики.
Деспина
П п


Радост
Дајана
Пролетта радост дарува
природата во неа царува,
се' ново се раѓа
снег до следната година, нема да паѓа.
Радоста во сите деца се гледа
тие се нашите најмили чеда,
на ливада трча и Дајана
со неа Јана и Маријана.
Р р


Сашо грлото го боли
и температура има,
не се облекол соодветно.
ладна е оваа зима.
Помош побарал од лекарот
само да не е инекција,
го убедува Сашо
дека е само мала инфекција.
Сашо
С с


Трка
На трката денес
сите ќе се тркаат,
Теодор и Трајче
Огнен, ќе го бркаат.
Теодор вели:
-Најдобар сум јас,
а Огнен победи
тој е вистински ас.
Огнен
TOW
MATER
Т т


Ќош
Утрово Деспина се разбуди од сон,
слушна ѕвони ѕвон,
погледна низ прозорец,
во ќошот зад портата своја
некој направил Снешко
со облека во разна боја.
Сон ли е ова, се чуди
треба убаво да се разбуди,
кога во ќошот зад вратата
Дедо Мраз стои
и подароците ги брои.
Деспина
Ќ ќ



## Урош

Никола се спрема, се чешла и мие
не е сега време, нема да спие.
На слава ќе оди, кај другарот Урош,
таму ќе бидат сите, маалото цело
и ќе биде весело.
Урош е популарен кај нас
и во училиште на час,
ги знае сите песнички редум,
досега Урош, има петки седум.

У у

## Фуфи

Фуфи е моето кученце
што пред некој ден се роди,
во светот на радоста
мене ме води.
Со Фуфи се радуваат
и мама и тато,
вети дека на прошетка Фуфи,
ќе го води и мојот бато...




Зајачето Хари,
Деспина го храни
со морковче и зелка, да расте
и да ојача
и брзо порасне.
Хари
Хари висината
ја мери секој ден,
сака да биде повисок
за третиот Роденден....
Х х
Деспина



## Црвенкапа

-Еве ме и во оваа книга,
јас сум Црвенкапа,
така ме викаат децата
заради црвената капа.

Волчко овде го нема
тука, за него нема тема,
тој отиде да спие
и солзи да лие.

Зашто, со мене го нема
тоа е на оваа бајка шема,
не е со Црвенкапа сега
мораше да си бега.

Ц ц



## Четка за заби

Реши желката почиста да биде,
како ги мијат забите, децата ги виде,
побара и неа четка да и дадат
и паста за заби да и продадат.

Таа за да си купи четка, нема пари
но на децата, шумски плодови ќе им подари,
за пастата некако ќе се снајде
барем четката ја пронајде...

Ч ч



## Џоне

Анастасија голем ден ја чека
со слончето Џоне, ќе оди крај река,
таму забава ќе прави
Џоне, роденден ќе слави.
Ќе се веселат сите
ќе пијат сокче и ќе јадат торта,
а има и слатки
од секоја сорта.

Џ џ


Шума
Отиде Јелена во блиската шума
од Снежана да чуе, некоја дума,
бајката до каде е, сака да знае
дали сеуште Снежана трае.
Дали се џуџињата здрави?
Дали маќеата, зло им прави?
Дали сеуште
насмеани и распеани?
Јелена
Ш ш


Disney
FROZEN
Дајана


Cars
Кристијан


Маријан
Happy
Easter


Марко


Александар


Андреј


Миа


Марко